Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Архивски бр. УП1-11/4-357/2019

Дата: 28. 05. 2019

**ДО** : Кепс Монт Гроуп ДОО

Ул. Мајаковски бр. 26

1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Решение за издавање на согласност за Проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, за потребите на Кепс Монт Гроуп ДОО од Скопје

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност за Проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, за потребите на Кепс Монт Гроуп ДОО од Скопје.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Sadulla Duraki**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Александар Петковски

Контролирал/Согласен: Билјана Петкоска

Одобрил: Директор на Управа за животна средина

Xhezmi Saliu



Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403

www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

УП1-11/4-357/2019, 28. 05. 2019

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, за потребите на Кепс Монт Гроуп ДОО од Скопје.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: Проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, за потребите на Кепс Монт Гроуп ДОО од Скопје ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина и мониторинг програмата.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Образложение**

Инвеститорот Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, за потребите на Кепс Монт Гроуп ДОО од Скопје на ден 13.03.2019 година со број УП1-11/4-357/2019 ја достави Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес.

Студијата е изготвена од страна на консултантскиот тим на ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО од Скопје со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина Љупчо Аврамовски - експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина за потребите на Кепс Монт Гроуп ДОО од Скопје. Со проектот се предвидува искористување на техногена минерална суровина (тмс) од депонијата, како и ремедијација на земјиштето и санација на животната средина на локацијата.Нејзиното третирање со помош на сеење, утовар во камиони за транспорт и нејзин извоз надвор од границите на Р.Македонија.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, ерозија, бучава, отпад, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија и разгледани се можните алтернативни локации за изведба на проектот.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) се одржа 1 јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, на територија на општина Велес на ден 17.04.2019 година среда со почеток во 12:00 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Експлоатација на техногена минерална суровина (тмс) на локалитет Баш Колиби во општина Велес, ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Sadulla Duraki**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Александар Петковски

Контролирал/ Согласен: Билјана Петкоска

Одобрил: Директор на Управа за животна средина

Xhezmi Saliu